# Имиграциски притвор во Северна Македонија низ бројки

## јануари-септември 2019 година



Македонско здружение на млади правници

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) е независна, професионална и непрофитна организација која обезбедува правна помош и стратешко застапување за заштита на човековите права.

МЗМП е организација во Северна Македонија која овозможува бесплатна правна помош и ги застапува барателите на азил, бегалците, лицата без државјанство и други лица од интерес во постапките поврзани со азил, легален престој и други социјални права.


**КОНТАКТ**

Ул. Донбас 14/1-6, 1000 Скопје

Тел: +389 2 3220 870

Email: contact@myla.org.mk

Веб страна: www.myla.org.mk


UNHCR The UN Refugee Agency


Оваа публикација е поддржана од страна на Претставништвото на УНХЦР во Скопје.
Мислењата и ставовите изразени во публикацијата се мислења на авторот и нужно не ги одразуваат официјалните ставови на УНХЦР.

Број на задржани лица од имиграциски причини: **225**

Број на задржани деца: **30**

Просечно време на задржување на деца: **10 дена**

Најдолго задржување на дете: **19 дена**

Број на протерани лица: **59**

Број на поднесени барања за азил во ПЦ за странци: **163**

Број на донесени решенија за ограничување на слободата на движење на баратели на право на азил: **2**

Број на лица спречени да остварат нелегален влез во РСМ: **15443**

**Задржани лица во ПЦ за странци**




**Земја на потекло на задржаните лица**




Како причина за имиграцискиот притвор повторно се појавува сведочењето во кривична постапка, иако согласно позитивните законски одрдби и норми ова не претставува основ за задржување.

## Услови на задржување на деца

Децата кои биле задржани во Прифатниот центар за Странци во Гази Баба биле сместени во соба заедно со други возрасни лица и во собите биле сместени повеќе од 10 луѓе.

Децата укажаа дека никој од задржаните лица во центарот, а ни тие, немале пристап до свеж воздух надвор од центарот. Децата се пожалија на тоа дека не им било овозможено да остварат телефонски повик.

Ниту едно од децата не поседуваше документ во својство на решение за задржување, ниту беше известено за причините за задржувањето од страна на полицијата.

На сите деца им бил навремено назначен старател од Центарот за социјална работа.

## Заклучоци

- Притворањето од имиграциски причини сé уште се третира единствено како дел од административна процедура и истото не е ревидирано од судија и по одминување на 12 часа.
- Забележано е зголемување на бројот на задржани деца.
- Условите на задржување на деца не соодвествуват со домашните и меѓународните правила и стандарди.

* Сите информации презентирани во овој извештај се базираат на добиени информации од јавен карактер како и на податоци добиени од страна на децата кои биле задржани во ПЦ за странци, по нивно ослободување и сместување во ПЦ за баратели на азил или друго алтернативно сместување. Од почетокот на 2019 година МЗМП нема пристап до ПЦ за странци и тоа е непроменето до издавањето на овој извештај.